**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Шеесет и шестата седница на Собранието**
**на Република Македонија одржана**
**на 27 мај 2004 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 10,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ја отворам Шеесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Нелко Стојановски, Стојан Андов, Нецдет Мустафа, Тасим Сулејмановски, Љубчо Георгиевски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Љубе Бошковски, Слободан Чашуле, Ганка Самоиловска-Цветанова, Сашко Кедев, Али Ахмети, Теута Арифи, Ванчо Георгиев и Ѓорѓи Оровчанец, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете едно од компчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав по барање на Владата на Република Македонија заради разгледување на Предлогот на одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција во Ирак.

Предлагам предлогот на дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предлогот гласале 57 пратеници, 56 за, 1 воздржан, нема против.

Во салата се присутни 66 пратеници.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

1. Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција во Ирак.

Предложениот дневен ред го ставма на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Гласале 60 пратеници 58 за, 2 воздржани, против нема.

Во салата се присутни 66 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Преминуваме на точката од дневниот ред- **Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција во Ирак.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за одбрана г-динот Владо Бучковски.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Почитувани пратеници,

Дозволете ми од име на Владата да дадам кусо образложение за Предлог одлуката за испраќање на третиот контингент на македонски војници во мировните операции во Ирак.

Двапати веќе разговаравме на оваа тема, пред испраќањето на нашиот Прв контигент во декември минатата година, пред испраќањето на뫼 вторито контигент и денес можеме многу потрезвено да погледнеме на моменталната ситуација, на користа која ја има Република Македонија од учеството во антитерористичката коалиција и од очекувањата во период кој претстои во следните 6 месеци додека трае мисијата на третиот контигент на макеоднски војници во Ирак.

Извесно е дека во мисијата која претстои , војниците на Република Македонија ќе имаат исклучително тешка задача затоа што и изминатиот шесмесечен период покажа дека во Ирак сеуште се освојува мирот, сеуште е далеку состојбата од посакуваната. Но од друга страна има повеќе елементи кои навестуваат дека е можно, во периодот кој претстои, да дојде до натамошно обединување на клучните фактори во меѓународната заедница и изнаоѓање на политички компромис со кој за очекување е дека по 30 јуни оваа година и по предавањето на власта на привремената ирачка влада, можностите се многу поголеми Обединетите нации да ја водат клучната улога во мисијата во Ирак.

Она што минатито пат беше еден од клучните аргументи на Владата, беше Резолуцијата 1511 на Советот за безбедност на ОН од декември 2003 година со која беа повикани земјите членки на ОН да пружат подршка на напорите за стабилизација на Ирак, вклучувајки и дополнителна воена сила.

Како што сте информирани, најверователно, на 24 мај о.г. САД и Велика Британија предложија нова драфт резолуција на Советот за безбедност која се очекува да биде усвоена во наредните две недели, со што се потврдува претходно предложениот датум за предавање на власта на привремената ирачка влада, на 30.06.о.г. и се предвидува создавање на нова мисија на ОН во Ирак и одржување избори до крајот на јануари 2005 година.

Она што во меѓувреме го имаме како факт е повлекувањето на делот сојузниците од антитерористичката коалиција. Шпанија ги повлече своите 1300 војници, по промената на власта во Шпанија. Хондураст се придружи на Шпанците иг и повлече своите 369 војници. Од друга  страна антитерористичката коалиција го зголеми бројот на војниците затоа што во меѓувреме Јужна Кореа донесе Одлука за испраќање на дополнителни 3 иљади војници во Ирак.

Она што е евидентно е дека во изминатиот период имавме два фактори кои дадоа силен белег на изминатите 6 месеци од учеството на нашите војници во Ирак. Тоа е ескалацијата на насилството кое е сконцентрирано во подрачјето на два града, Фалуџа и Наџав и за среќа , можеби тоа е видливо од картата, е надвор од просторот на кој оперираат војниците на АРМ. Веројатно ескалацијата на насилствата кои беа во овие два реони, дефинитивно покажува дека и бројот на жртвите кои се дел од антитерористичката коалиција е на страната на нашите американски партнери. Над 90% од загинатите и ранетите се дел од американските сили кои се одговорни за овие два региони.

Она што исто така е битно, во изминатиот период се покажа дека борбата против тероризмот нема да биде едноставна. Не ескалираше само состојбата во овие два региони во Ирак, туку го имавме и трагичниот настан кој се случи на 11 март оваа година во Мадрид каде повторно терористите покажаа дека е бидат тврд орев  и дека глобалната војна против тероризмот ќе бара и нови сојузници и ќе бара многу постабилна коалиција. Тоа е еден голем предизвик. Веровaтно уште во првиот момент кога Парламентот ја донесе одлуката за испраќање на нашите војници во оваа мисија, беше свесен дека оваа мисија ќе биде исклучително тешка. Но од друга страна во меѓувреме се покажува дека нашите војници во Ирак донесоа големи поени за зацврстување на меѓународниот углед и кредибилитет на Република

Македонија.  Не е скромно да се каже дека ги зголемија и нашите Шанси за нашиот пат кон НАТО, бидјеки не треба да се занемари силното влијание што го има САД, како предводнички на оваа колаиција но икако најмоќнио тнаш сојузник во НАТО алијансата.

На крајот од ова воведно излагање би сакал да повторам уште еднаш дека го задржуваме бројот на нашите војници кои ги испраќаме во овој трет контигент. Тоа значи дкеа еден вод на АРМ, обучен за специјални операции, ќе биде јадрото на нашата нова мисија, ќе бид еподдржан со еден офицер за врски, исто така во Ирак, ќе биде сместен во Багдат и со двајца офицери за врски кои ќе бидат во централната команда во САД.

Со надеж дека и овој пат Парламентот ќе го подржи предлогот на Владата, очекувам во текот на расправата, повторно, ако е потребно да се јавам со дополнителни објаснувања.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Бучковски.

Кој бара збор?

За збор се јави г-динот Спиро Мавровски.

СЛИРО МАВРОВСКИ:

Би сакал да дадам неколку лични коментари во однос на тоа што денес е закажана седницата и за тоа што го искажа министерот.

За оваа промена на нашиот контигент во Ирак се знаеше многу порано, а тоа е закажано на една седница на Влада на 24.05.2004 година и како и претходните два пати и овој пат на итна седница сме повикани и расправаме за една работа за која, еве уште во старт министерот кажа дека  тоа е во ред и дека така треба да биде и дека ние како Парламент треба да донесеме одлука и ништо друго.

Во самото објаснување што го имаме тука пред нас и до вас како претседател на Собранието на Република Македонија, кое треба да биде потпишано, имам неколку дирекни забелешки затоа што ситуацијата, како што и самиот министер кажа, а и многу од пратениците знаат, во Ирак е драстично променета, од она што значеше вопрвиот момент и она што коалиционите сили требаше да го направат. Тоа беше операцијата “Слобода за Ирак” и колку што знам, а знам добро ние , по барање на Владата на САД и врз основа на некои ратификувани договори ја преземаме обврската да учествуваме во пост-воената фаза број 5.

Во Ирак во моментот започнува една граѓанска војна во која ние, сакале или не ги внесуваме и нашите војници. Во моментот имаме чувство и веќе се потврди дека сите оние, да речам кучиња на војната кои војувале на овие наши југословенски простори веќе се наоѓаат во Ирак и ги заземаат своите страни на едната или на другата страна. Колку ќе помогне сето тоа што ние го кажавме дека колиционите сили ќе спроведат и ќе донесат нова влада во Ирак која влада ќе спроведе регуларни парламентарни избори, барем до крајот на јануари 2005 година, во што апсолутно се сомневам, гледајки што се се случува во Ирак. Наша среќа, како што кажа и министерот е што нашиот вод во моментот се наоѓа на место кое сеуште не е зафатено со виорот на оваа граѓанска војна која драстично се чувствува во Ирак. Меѓутоа, беше предизвик за многу парламенти во Европа, да бараат а некои од нив и ги повлекоа своите сили од Ирак.

Не знам кое е чувството дека тие 32 војници се она што Република Македонија ја прави респектибилна и дека, еве уште на Самитот во Истанбул, може од толку што сме респектабилни нема да бидеме ни спомнати, а кога ќе стигнеме во ситуација да влеземе во НАТО структурите, како што се сите видувања кои барем до сега доаѓаат и колку што можам да ги следам, е многу тешко. Многу тешко, но ние продолжуваме со тоа што во првиот момент беше подршка на Република Македонија, можеби со право , кога имавме и цел свет ги имаше податоците дека се најдени многу фабрики за масовно оружје кое оружје може да го уништи цел свет, но сето тоа сега се покажува како една бламажа во која и еден Тони Блер се најде на удар на целата англиска јавност. Незнам американците како сето тоа ќе го потврдат. Последните случувања то ги гледавме и бевме сведоци сите. Дали сме ние тие што тие 32 луѓе ќе не направат по рестактебилни и дали ќе ја имаме одговорноста, до колку утре во таа граѓанска војна, во тој виор кога не ќе се знае кој на кого пука, имаме и жртви, да не даде Господ. Да биде со нив и да ги чува. Но ние имавме вакви ситуавции и кај нас и многу тешко ни беше да донесеме некоја одлука во која ќе се брани државата и сите оние кои станаа во одбрана на државата, еве само после 2 години или 3 години поминати, го рушиме митот на оној што ја бранел државата. Дали ако се случи нешто слично и овие луѓе можеме да ги доведеме во ситуација да бидат некаде каде што ќе бидат осудени.

Во самото објаснување, образложение и она што значи одлука, пишува дека по завршувањето на учеството на мировната операција, Владата на Република Македонија поднесува извештај пред Собраието на в.

Јас би скал и точката 3, затоа што министерот требаше да каже, без разлика, бидјеки имаме промена, сега променатa ние нема да ја чекаме до 15.12. па да видиме колку Македонија потрошила. Би било добро и Собранието на Република Македонија, бидејки гледаме дека само еден дел од трошоците ги презема Владата на САД, а останатиот дел ги обезбедува Република Македонија, колкави се тие трошоци, колку не чини во овие 6 месеци и колку ќе не чини за наредните 6 месеци. Таков извештај мислам дека треба да добие секој член на Парламентот. Тоа треба да биде транспарентно, за да знаеме што заправо правиме. Од една страна кажуваме дека Буџетот на Република Македонија е ограничен, правиме некои планови до 2007 година да имаме трансформација на Армијата каде секој денар, во однос на одржување, во однос на обезбедување и купување на нова опрема е многу важно за сите нас, од друга страна учествуваме со вакви финансиски трошоци, што би сакал да знам и мислам дека имам право да знам колкуваи се во овие 6 месеци и колкави ќе бидат во наредните 6 месеци. Токму поради тоа мојот личен став е да не гласам за оваа одлука, чувствувајки дека работите дефинитивно се излезени од контрола и она што беше првото и основно задржување и операцијата “Слобода за Ирак” се претвори во нешто друго. Слободата многу тешко на ваков начин ќе биде донесена. Не би сакал нашата војска да влезе, би рекол во води каде ќе учествув аво една граѓанска војна, тоа Што го видовме во Босна, што го гледаме сега во моментот во Косово и во останатите кризни региони. Затоа мојата одлука ќе биде против.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Мавровски.

Збор има г-динот Трифун Костовски.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Јас ќе се надоврзам на дискусијата на г-динот Мавровски.

Сите сме сведоци дека денес тоа што се случува во Ирак е веќе ескалација во размери што не можеме ние барем од тука да ги предвидиме, ниту во време, ниту во димензија.

Сите основни причини поради кои се поведе војната во Ирак беше уништување на хемиско оружје кое, наводно, беше произведувано за масовно уништување, што се покажа дека не е точно.

Втората работа, диктаторот на Ирак е симнат.

Трета работа, демократизација и човекови права, за жал со последните случувања што се случуваа во затворите во Ирак говорат дека тоа не е присутно, нема ништо од тоа.

Четврата работа, денес веќе се води војна во Ирак во која за прв пат во историјата Суите и Шиитите се спојуваат во војна против така нареченоит од нивна страна, окупатор.

Ние сме во коалиција. Тоа не е НАТО, тоа не се ОН. Тоа не значи дека Македонија треба да се повлече, меѓутоа јас имам неколку прашања што сакам да ги поставма пред Валдата и би скал да ги добијам одговорите. Извесно е дека станува збор за едно долгогодишно учество и долгоучество на овој конфликт во Ирак. Дали Владата е спремна и направила подготовка или процена колку долго тоа ќе трае. Пролонгирањето на секој 6 месеци создава една мала забуна .

Бидејќи ова не е конфликт кој навистина брзо ќе се заврши, тоа се процени на експерти, кога велам експерти не од Македонија, туку експерти кои се бават со светската глобална политика.

Втора работа, нашата мисија беше мровна,  нашите војници кои заминаа беа обучувани за таа намена. Денска концептот пискипинг веќе е променет со отворен конфликт. Дали Армијата има намера да подготви таков вид на војска односно војници кои ќе бидат употребени за таа намена.

Трета работа,  са жал, сведоци сме денеска Карпалак, Вејце се точат по судниците, не разрешени прашања во поглед на надоместок, не сакам да кобам, се молам на Господа да немаме несакани жртви. Меѓутоа, каков ќе биде одговорот на Владата пред јавноста доколку такво нешто се случи.

Интересот на Македонија во целиот овој случај кој е? Во таа смисла сакам да добијам одговор што предвидува Владата за вакви несакани последици за згрижување на нивните семејства, за згрижување на евентуални последици кои можеа војниците да ги добијат преку нивен инвалидитет или било што. Сакам да знам повеќе како Владата размислува да ги заштити интересите на нашите војници во оваа земја.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Ристова, а нека се подготви пратеникот Љубисав Иванов-Ѕинго.

КАРОЛИНА РИСТОВА:

Почитуван претседател, почитувани колеги и колешкиИако забелешките и коментарите и прашањата што ги направија претходно колегите држат и се надевам дека министерот ќе даде одговор на истите.

Јас би сакала во името на пратеничката група на СДСМ да истакнам дека нашата поддршка за Мисијата во Ирак односно за нејзиното продолжување и натаму останува заради тоа што причините заради кои ја започнавме оваа Мировна мисија во Ирак се непроменети, меѓутоа, во оваа прилика би сакала во име на пратеничката група да истакнам една забелешка и до Министерството за одбрана, меѓутоа, и до Владата на Република Македонија, а тоа е во однос на поднесувње при секое обновување на овој мандат на Мировната мисија на Република Македонија поднесување на извештај за претходниот шестмесечен период.

Ние како пратеници кои, согласно законските надлежности ги испраќаме нашите војници и воопшто нашите граѓани во Ирак и освен Ирак и во Авганистан, имаме право да знаеме како Мисијата се остварува. Наполно сме свесни дека во тој дел има и чувствителни информации, информации кои можат да бидат од прашање на воена или државна тајна, меѓутоа, да потсетам, Деловникот на Собранието на Република Македонија  го решава тоа прашање во членот 49 каде сите ние како пратеници сме обврзани да ја чуваме таа тајна и нормално сносиме правна, политичка и морална одговорност и не верувам дека било кој пратеник од овој Парламент би ја компромитирал националната безбедност за одбраната на Република Македонија со добивањето на тие информации.

Значи, ако ние како пратеници одлучуваме за праќање на наши мировни мисии на наши граѓани во ситуации за кои зборуваа претходно моите колеги, не мора да ги имаме сите информации за да можеме да донесеме правилна и совесна одлука. На тој начин не се компромитира националната безбедност, меѓутоа, може да се компромитира суштината на парламентарната демократија, начинот на остварување на оваа демократска контрола и увид од страна на Парламентот може да се согледа како се остварува и од државите членки на НАТО каде државите членки го имаат таквиот увид и да се најде најсоодветниот модел на негово остварување.

Навистина е незгодно ако имаме повеќе информации  за тоа отколку нашите колеги парламентарци од Велика Британија или од САД, кога гледаме на СНН и ББС како конгресмените, како парламентарците во Британскиот парламент ги

испрашуваат своите видни политички и воени функционери во однос на Мисијата, а ние да немаме таква информација.

Се надевам дека министерот ќе ја прифати ваквата забелешка.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете три минути реплика господине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Сакам да кажам една работа дека причините, како што рековте, не се променети, за мене и за поголем дел од светската јавност апсолутно се променети затоа што првите основни причини, се покажа дека она што беше најавувано на голема врата дека има хемиско и биолошко оружје за масовно уништување, апсолутно не е потврдено, значи таквата вистина отпаѓа.

Диктаторскиот режим кој беше проблем за сите демократски права во Ирак повеќе не постои, воведена е некаква демократија, самиот министер кажа дека веќе новата Влада на Ирак ќе направи демократски парламентарни избори и последните дејствија апсолутно се против демократијата и бројот на цивилните жртви е се поголем и поголем.

Мислам дека се тоа големи причини по овие шест месеци и големи промени за основните причини за да бидат променети поради она што Република Македонија учествува во оваа акција.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Иванов, а нека се подготви господинот Есад Рахиќ.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ-ЅИНГО:

Благодарам господине претседател, почитувани пратеници, министре за одбрана,

Веднаш на почетокот да искажам една благодарност на уводното излагање кое го даде министерот за одбрана и мислам дека и тој ги дели нашите чувства и нашите размислувања, а инашата загриженост што тој ја кажа, нашето учество во операцијата во Ирак, намерно нема да кажам слобода на Ирак затоа што таа го изгуби тој легитимитет и последиците кои можат допрва да дојдат од едно такво наше учество.

Неспорно е, факт е дека ние учествуваме во оваа операција во оваа коалиција и оправдување за тоа учествување беше дека во Ирак има нуклеарно, хемиско и биолошко оружје и дека тоа е закана за целиот свет затоа што тоа може да се употреби, бидејќи и во самиот Ирак владееше еден систем кој беше прогласен за таканаречен диктаторски систем.

Покрај тоа што тие што беа определени од ОН да покажат дека навистина постои такво оружје, тие во своите извештаи воглавно зборуваа за тоа дека не е откриено такво оружје. Меѓутоа, причините за инвазија во Ирак беа токму тоа дека тоа не е откриено, дека 100% постои една таква опасност и едно такво оружје кое може да му нанесе на светот и на земјата како планета големи штети.

Ние како Парламент, како луѓе гледавме дека дел од тој свет треба да придонесеме за уништување на таквите опасности иако земјата е полна со такви предизвици особено големите сили како што се Америка, Франција и Русија и дека треба да се спречи тероризмот воопшто во светот. До тука некако нашата јавност беше свесна, полусвесна за една таква опасност. Дефинитивно се покажа дека ова беше голема игра и дека нема ниту нуклеарно, ниту хемиско, ниту биолошко оружје, туку дека се во прашање економски интереси, значи големи интереси економски и политички. Не само со запоседнувањето на  Ирак, туку и во Ирак и на поширок план целиот Блиски Исток, Далечен Исток и тн.

Јасно е и на малите деца, нема што да се бега, дека главниот мотив е нафтата. Сега, секој генерал по секоја битка е умен и може да каже како е најдобро и што требало најдобро да се направи.

Факт е дека сме увалени во една прљава војна, веќе не се зборува за операција за слобода на Ирак, туку се зборува за окупација на Ирак. Тоа може да се види од светските медиуми пишани и електронски. Спрема тоа, ние на еден начин веќе учествуваме во една операција која во светот нема легитимитет, не е прифатена како  таква. Ниту е под знамето на НАТО, ниту под знамето на ОН, туку воглавно во една коалиција која ја предводеа САД и која не ја одобруваа главните играчи како што рече министерот во светот посебно членките на ОН, Франција, Русија и САД.

Исто така, против оваа операција беше и Европската Унија. Неслучајно го кажувам тоа затоа што ни се отвори прозорчето кон таа Европска Унија, пред некој ден беше Милан Кучан кој рече дека Словенија без приговор ги следеше намерите и желбите и одлуките на Европската Унија, тоа се повеќе ја приближуваше кон Европската Унија.

Сега, кога веќе влеговме во таа игра, а влеговме од причини некако да се додвориме на САД, да имаме еден ментор кој ќе застане зад нас, една голема сила која ќе не поддржува во разни спорови што ги имаме тука на Балканот и пошироко.

Видовме како поминавме во ОН, не застана ни една голема држава зад нас кај членките на Советот за безбедност и бевме парадоксално примени под едно име

кое не постои и под услови кои не се дозволени во ОН. Ако имавме поддршка од големите сили, што ја немавме, тогаш ја немавме ни Кина, ни Русија, ни од САД, а да не зборувам за Франција, сега се поставува прашање ако веќе влегуваме во една ваква прљава операција, кои се нашите интереси економски и политички. Ние таму не претставуваме некоја голема воена сила, но ние поддржавме една политика која во светот во најголемиот дел во светот нема поддршка. Ако веќе влеговме во една таква работа која е нашата корист и на економски и на политички план. Ние не можеме во градењето на тие пријателски односи, сто пати до сега сум кажал, не можат да бидат само едносмерни, мора да бидат двосмерни. Ако правиме напори и ако сме влегле во вакви игри, мора да знаеме која е цената, што од тоа ќе наплатиме.

Прво, Ирак ни долгува големи пари. До сега настојувавме преку замрзнатите фондови на Ирак во Америка дел од тоа да наплатиме, но не успеавме. Дали имаме договор дека нашите долгувања од Ирак спрема нас ќе можеме да ги наплатиме? Дали имаме други договори во однос на нашите проблеми што ги имаме со соседите дека ќе имаме поддршка? Ако немаме, тогаш ние не сме партнери, ние не се договараме. Ако имаме, јас ќе бидам благодарен дури и да не се издејствува овде за да не се открива, ама ако немаме Владата е должна тоа прашање да го постави на маса јасно и отворено. Ние сме сиромашна земја, а учествуваме во една војна која и понатаму економски не исцрпува. Барем тој дел ако не го повратиме на некој начин, тогаш не гледам причина воопшто да учествуваме во таа работа. Некој ќе каже не гледај само од економска страна, ако гледам од другата страна, тогаш од таму треба што побргу да побегнеме и од морална и етичка страна. Спрема тоа, на малите држави им требаат големи држави кои ќе ги заштитуваат. Такви односи треба да градиме со Кина, Русија, Америка, Франција, со членките на ОН, но во сета таа работа ние мора да го гледаме нашиот интерес. Ние не можеме да прифатиме едно полтронско однесување. Мора да знаеме што ќе има државата од една таква наша акција во која го губиме угледот, што ќе има државата, не поединци, каква полза ќе има државата.

Јас и минатиот пат реков и сега ќе кажам еве и колегите кажаа дека таму работите се многу комплицирани дека практично таму се работи за една војна помеѓу граѓаните на Ирак и војските кои се дојдени во Ирак. Ќе беше подобро да ја сочекавме Резолуцијата која се врти во Советот за безбедност на ОН и да видевме дали можеме да ја покриеме оваа операција со одлука на ОН.

Големите играчи ја играат големата игра, а големата игра е поделбата на интересите во Ирак. И тука беше судирот. Како што се гледа и да имаш црно злато, некогаш и судбината ќе ти стане црна со тоа. Јас минатиот пат кажав и сега ќе препорачам, ние полека да се извлекуваме од таму и тоа да го направиме чесно, достоинствено и да некаде го обелиме својот образ.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Иванов.

Збор има господинот Рахиќ, а нека се подготви пратеникот Тито Петковски.

ЕСАТ РАХИЌ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници, почитуван министре за одбрана,

Сакам со неколку збора да кажам што јас чувствувам за оваа мисија која што нашите војници и нашата држава ги имаме во Ирак. Ставот го кажа мојата колешка Каролина Ристова, рече како ќе гласа пратеничката група и јас се придржувам на тоа. Јас лично како Есад Рахиќ ќе гласам, особено затоа што и сум член на Комисијата за одбрана и како член на Парламентарното Собрание на НАТО. Лично чувствувам потреба и да гласам, а и да кажам зошто така ќе гласам.

Инаку, како човек од крв и од месо и кај мене се раѓа дилемата дали оваа мисија треба да продолжи или не, со оглед на тоа што се случува во Ирак. Прво да расчистиме неколку работи. Војниците што се во Ирак, македонските војници, спаѓа во нивните обврски кога служат на Република Македонија.

Второ, колку што јас знам, тие војници доброволно отидоа. Би сакал и министерот да ми потврди. Колку што јас се сеќавам, сите тие потпишаа договор дека одат таму.

Трето, мислам дека она што го кажа министерот, дека нашите војници се настрана од кризните региони е вистина и верувајте дека тие 36 или 40 војници наши, со сиот респект, иако сметам дека се меѓу најдобрите персоналци и специјалци во Ирак, верувајте нема да играат бог знае каква улога. Меѓутоа, симболично поддршката што Владата на САД ја бараше од Владата на Република Македонија која ние ја даваме, сугурно дека ќе ни се исплати. Знаете, во политиката господинот Ѕинго, другарот Ѕинго, рече, за да се успее мора да имате поддршка, или да имате спонзор. Јас мислам дека ние нашата поддршка ја најдовме во САД и тоа најдобро се гледа во делот каде што тие со Јадранската повелба, Охридско-Јадранската повелба кои што се иницијатори и добро ја тераме, мислам дека тоа е еден дел односно сегмент од целосното заокружување на патот на Република

Македонија во НАТО. Тоа се средбите што ги имаа министрите за надворешни работи и за одбрана, тоа се овие невладини организации, тоа се нашата парламентарна група во НАТО и мислам дека дел од тоа наше заокружување се приближуваме и кон стандардите на НАТО каде сме најблиску токму со праќањето на овие војници во Ирак.

Дилемите дали има или нема хемиско оружје во Ирак уште не се расчистени. Што мислите, тие инспектори на Ханс Блик ирачаните ќе им ги предадат точно локациите. Да не се залажуваме. Диктаторот Садам Хусеин ако се сеќавате во првата заливска војна утепа неколку стотици Курди со тие хемиски гасови. Тој гас не можел туку така да исчезне. Она што сега се случува судиско-шеидскиот бунт против окупациските или силите на демократијата, тоа е рецидивна она што се случуваше претходните 10 години. Прашање е на време кога тоа ќе престане. Она што мене лично ми дава за право да гласам за, тоа се сознанијата и ветувањата што јас ги имам, а верувам и повеќето од нас дека до крајот на годината дека сојузничките сили повеќе но сигурно ќе се повлечат од Ирак. Сега е петти и шести месец иако го продолжуваме рокот на нашите војници на шест месеци да се надеваме дека до Нова Година нашите војници ќе се повлечат заедно со сојузничките сили.

Она што уште еднаш сакам да кажам дека доколку бараш поддршка од некој, некогаш ќе мораш да возвратиш. Ова е начин ние да се одолжиме на оние што не поддржуваат  и сигурен сум дека со ова сме еден чекор поблиску со структурите на НАТО.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Костовски, имате реплика од три минути.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Ќе дадам реплика до господинот Есад Рахиќ, мојот колега. Јас би сакал да расчитам една работа: ние сме сите тука пратеници, избрани од народот и првенствено мораме да ги штитиме интересите на оваа држава и на овој народ. Ако господинот Рахиќ се уште верува дека ќе најде било што во Ирак, мислам дека треба да се запрашаме дали жиееме во реалноста или не. Такво нешто не постои. Денеска само од моментот кога се спроведува воведувањето на човекови права, односно демократизација имаме 5.500 жртви од војната меѓу шиициите и сомитите.

Трета работа што е многу битна, ако е ова е условот за влегување во НАТО, да потсетам дека во Јадранската повелба членува Република Хрватска, која што во старт се одлучи да не учествува. Меѓутоа, господа, да не ги мешаме работите. Многу

членки на НАТО не учествуваат во оваа коалиција иако сметаме дека со ова ќе се провреме да влеземе во НАТО, и во НАТО структурите, мислам дека патот е погрешен. Исклучиво интересите на Република Македонија имаат приоритет во сите работи, во сите размислувања и интересите на граѓаните како по нивните животи, така по нивниот стандард и нивната иднина.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Ивановски.

ИГОР ИВАНОВСКИ:

Прво да расчистиме две работи. Се согласувам со господинот Трифун дека хемиското оружје не е тука, меѓутоа, преку граница. Тоа се носи брзо и лесно. Тоа е прва работа.

Втора работа Хрватска не отиде, затоа што има моќен спонзор. Тоа е Германија. Овој пат и ние треба да одработиме за некого, некој да ни пружи рака и ние да дојдеме до целта на која се стремиме и дека сме сите пратеници и слуги на народот и јас сум за тоа, меѓутоа, секој си ја работи работата, онака како што мисли. Јас се согласувам со тоа дека господинот Трифун Костовски има право да кажат дека не се согласуваат. Тоа е мое мислење, можеби грешам, меѓутоа јас така настапувам.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

На ред е господинот Тито Петковски, а нека се подготви господинот Благој Голомеов.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Господине претседател, почитувани колеги, господине министер,

Заправо, текот на дискусијата покажува дека за ова прашање мора да разговараме малку поотворено или што се служиме со современ термин малку транспарентно. За да бидам добро сфатен ќе цитирам само две изјави на господинот Кучан, поранешниот претседател на Словенија, кој што пред два дена беше во Република Македонија. На дирекно новинарско прашање зошто Словенија не е присутна во Ирак, кратко одговори: затоа што таму не е НАТО.

Второ, го прашаа зошто Словенија не го подржа барањето на САД за изземање на американските војници од Меѓународниот кривичен суд. Тој кратко одговори, затоа што тоа Европа не го поддржа.

Сакам да ви кажам дека Словенија и секоја земја мора да има јасна стратегија. Република Македонија се определи за оваа стратегија и ние мора доследно да ја почитуваме. Таа стратегија е градена неколку години station наназад. Ние се определивме наш стратешки партнер да бидат САД и сите ризици, сите последици од таков неуспешен потег или наша неуспешна одлука, мораме да ги поднесеме како наши. И, испраќајќи ги војниците во Ирак, првата група, првата единица што ја пративме, ние ги испративме со целиот ризик, ја прифаќаме одговорноста како тоа да е наш национален и државен интерес. Исто така и продолжувањето на истата одлука за наше присуство во Ирак, пак го сфативме како наша потреба и наш интерес.

Значи, моравме како држава да водиме мошне рационална и прагматична политика. Ние сме осудени како мала држава и како мал народ да водиме прагматична политика, заради зачувување на нашите интереси. Едноставно, да опстоиме на овие простори, кои што не се баш многу пријатни и историски гледано, сите земји на овој регион, како што гледате, последни го фаќаат приклучокот и Европската унија и за НАТО и тоа не е случајно.

Тргнувајќи токму од таквата позиција на САД на глобален план, како земја која што, дозволете, го моделира светот, единствена глобална сила е на планетата денес. Нашите односи ги градиме, или барем се обидуваме да ги градиме на основа на партнер и јас така очекувам САД кон Република Македонија да се однесуваат и се обидуваат да употребам вистински термин, она од моја позиција како парламентарец и кон таквите што ги имаме и со парламентарни воени делегации од САД и да се однесуваат кон Република Македонија како партнер. Значи, тоа за Република Македонија ќе биде најголем успех, доколку навистина се материјализира оваа наша политика подолгорочно и таа да финализира со една многу побрза одлука, би рекол на САД за наш прием во НАТО и нашиот прием во Европската унија. Кога говорам јасно и сакам пред вас многу отворено да кажам дека САД се клучниот фактор за приемот на државите во НАТО. Нивниот збор независно што има многу други членки на НАТО, нивниот збор е пресуден. Ова можеби некој го третира и новинари и наше додворување, сервилна политика и тн. и тн., едноставно јас не гледам друг начин, друг пат Република Македонија да дојде до остварување на своите цели. Ќе се послужам со една мисла на еден американски професор кој што кажа, напиша во една книга, сега кај нас е преведена, дека ако некој мисли денес дека може да води глобална односно надворешна политика или успешна внатрешна политика а да си со сочува достоинството тој не разбира ништо од политика, или не

наичил ништо од политика. Значи, едноставно мора да ги признава реалностите кои што денес постојат во светот, ние позиција за достоинствена позиција на Република Македонија можевме да изградиме многу поодамна, ако мислевме дека САД не се нашиот стратешки партнер. Но, сега тоа е императив да бидем доследни. Ако бидеме доследни во политиката, бидете сигурни отворени и јасни ќе имаме и повеќе приврзаници, ќе имаме и повеќе пријатели и повеќе ќе не ценат. Меѓутоа, колабираме помеѓу едно и друго. Сигурно дека помалку ќе не ценат. Јас мислам, ова што го прави Република Македонија ќе каже историјата дали било добро или лошо ако финализираат со наш прием во НАТО и во Европската унија, сигурно дека стратегијата била добра. А ако не, биласпогрешна. Само историјата е најголемиот и најдобриот суд за успешноста на една политика, на една гарнитура, на едни политичари. Но, онака како што денес се движат работите мислам дека Република Македонија направи помала грешка што стапи во редо на антитерористичките сили и што е присутна во Ирак, отколку да не присуствуваше таму. Ќе повторам и ќе акцентирам, единствено говорам од аспект на положбата на целиот овој регион, со сите историски хипотеки и улогата на САД не само сега, туку и во иднина во овој регион и нивното присуство во овој регион. За нас е подобра шансата, сигурно дека била многу подобра шансата доколку имаме и еден многу силен европски партнер за соработка пријател, како што впрочем тоа го направија со онаква политика и Бугарија и Хрватска, меѓутоа еве веќе Бугарија е членка на НАТО, веројатно на Европската унија ќе стане многу побрзо, а и Хрватска е заедно со нас и ако многу отворено кажаа за односот и кон Ирак и кон Меѓународниот кривичен суд. Но, Хрватска живее со еден сосема друг регион, каде што глобално во историјата се прекршувале сосема други интереси отколку што денес е Република Македонија во овој регион присутна. Значи, тргнувајќи од токму оваа перспектива, јасно е сега Македонија да ја менува својата стратегија и гледано низ оној законско, за кој што вчера само министерот имаше уводно излагање за кризите, ние веќе правиме сосема автентична национална стратегија за совладувањето на кризите или правењето на тој кризен менаџмент. И ова се вклопува во нашата подолгорочна стратегија. Тоа е за кое ние се определивме. Тоа е нашата социјална политика и би биле доследни и коректни ако си останеме доследни на тие позиции. Ние може се разликуваме како политички партии, но мислам кога станува збор за нашите национални долгорочни интереси би било добро тука ако можеме да ги доближиме.

Повеќе излегов, она што го реков на почетокот, дека треба да имаме малку потранспарентна политика. Тоа ми беше практично основната причина зошто

излегов на говорницата. Министерот само назначи, ние мораме да признаеме како реалност, може во Ирак се да се случи на нашите војници. Воените дејствија се сега далеку, но утре може да се доближат. Тоа не е никаква гаранција дека нема да бидат цел на напад да речеме и тие региони. Ние мораме јавно, јасно да излеземе пред македонската јавност да кажеме ние свесно одиме и го прифаќаме тој ризик. Јас знам дека е болно тоа да се соопшти и да се слушне, затоа што војниците доброволно одат, а имаат и родители, имаат и фамилии. Но, таму се води војна. Ние ризикот на евентуални што јас знам повреди, или да загине не дај боже наш војник, тоа мора да биде однапред пресметано и нам ни треба позитивна, јас би рокол афирмативна кампања и медиумска и отворено да говориме од оваа говорница како парламентарци, како претставници на народот дека е таа цена што мора да ја платиме, ако сакаме да бидеме почитувани како партнер. А САД и сите моќни држави во светот ќе не ценат ако сме партнери, а не ако сме слуги, слуги никој не цени. Можеби ќе му се најдете во еден момент, меѓутоа долгорочно нема да ве почитува, нема да ве цени. Ќе ве употреби и ќе ве фрли. Значи, ние градиме партнерски односи, ние отворено кажуваме присутни сме таму, затоа што сметаме дека е тоа добро, дека е тоа наш интерес, дека е тој ризик што го прифаќаме и дека дефинитивно Република Македонија на тој начин бара сопствена афирмација на меѓународен план и побрзо интегрирање со НАТО и со Европската унија.

Но, ќе кажам и со тоа ќе завршам. Партнерството подразбира и взаемна помош и поддршка. Јас лично сметам дека има многу повеќе можност, има многу повеќе резерва да ни помогнат САД как наши пријатели и како партнери во остварувањето на двете за нас круцијални пашања, најважни прашања од нашето судбинско значење за Република Македонија да се биде или да не се биде околу нашето име и околу одбележувањето на нашата државна граница. Тие имаат моќ, бидејќи се присутни во регионот многу посилно, многу понагласено да влијаат околу побрзо одбележување на граничната линија и особено како земја која што го моделира денес светот да влијаат многу побрзо да дојдеме до решавањето на спорот со нашиот јужен сосед во врска со името. Тоа е практично нашата меѓународна легитимација. Јас сум длабоко убеден ако Република Македонија час поскоро го обезбеди решавањето на овие три прашања, ќе имаме меѓународен легитимитет. Многу повеќе ќе бидеме поблиску до остварувањето на нашиот сон до друштвото на големите држави и народи каде што објективно ќе бидат заштитени и обезбедени нашите национални и државни интереси.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Значи сега е на ред господинот Голомеов, а нека се подготви пратеникот Трифун Костовски.

БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ:

Благодарам господине претседателе, господине министре, дами и господа,

Ќе се обидам да бидам краток, бидејќи голем дел од дискусијата и од мојот личен став беше елабориран од страна на господинот Тито Петковски како гледиште, иако морам да кажам дека се согласувам со голем дел од дискутантите до сега и дискусиите што беа изложени во рамките на ова прашање кој го имаме на дневен ред. Не се согласувам со господинот Спиро Мавровски дека Република Македонија нема да биде спомната пред Брселскиот самит, напротив сметам дека ќе биде спомната  и тоа во најдобро и најпозитивно светло до сега. Впрочем, блиску е, сите ќе бидеме сведоци на тоа. Инаку, ја споделувам загриженоста на сите колеги пратеници за ситуацијата во Ирак, која значително ескалира и која прилично се искомплицира. Меѓутоа, како Република Македонија мораме да сфатиме дека еднаш мораме да бидеме конзистенти, мораме да бидеме опстојни, мораме да бидеме прагматични кога се во прашање национални проекти како што е Проектот за приближување на зачленување во НАТО, а оваа наша мисија во Ирак е токму во рамките на тој национален проект и едноставно, не сме сега во ситуација туку така да дигнеме раце и се повлечеме. Факт е дека кога се влегува во национален проект, во национална вредност, мораме да бидеме спремни и да ги носиме последиците и да ги видиме придобивките.

Според тоа, лично сметам дека немаме друг избор освен да ја поддржиме оваа одлука и да опстоиме на овој проект, бидејќи повеќе од јасно е дека САД се нашиот стратешки партнер во нашите обиди за зачленување во НАТО, тоа е јасно како ден, така што тое е главната причина поради која ние во овој проект треба да останеме до крај.

Лично се надевам дека со Резолуцијата за формирање привремена влада во Ирак и за преземање на оваа операција од страна на ОН состојбите значително ќе се смират, а со тоа ќе бидеме во можност едноставно да се најдеме во ситуација да гарантираме поголема безбедност и за нашите војници во Ирак, односно се надеваме дека едноставно ќе почне решавање на проблемот на случајот со Ирак.

Инаку, сакам да потенцирам дека навистина ни се потребни повеќе информации од страна на министерот и Министерството за тоа што се случува во

Ирак, какви се состојбите, какви се перспективите за решавање на овој круцијален проблем од светски размери и се надевам дека Парламентот таква поширока информација во најскоро време ќе добие.

Се на се, уште еднаш сакам да го искажам ставот на пратеничката група на ЛДП дека ние ќе ја поддржиме оваа одлука бидејќи сметаме дека таа е во интерес на граѓаните на Република Македонија и на националните интереси на Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Трифун Костовски, а нека се подготви пратеникот Слободан Даневски.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Благодарам господине претседателе,

Јас немав намера повторно да дискутирам, но дискусијата на моите колеги ме поттикна повторно да се јавам за збор со цел да расчистиме некои работи.

Пред се, јас бев истиот тој кој гласав за влегувањето на Македонија во коалицијата за ослободување на Ирак и тоа не е спорно дека нашите сили беа во мисија на “Пис Кипинг” - Одржување на мирот. Драстично е изменета ситуацијата и нештата во Ирак, кои дефинитивно ни носат немир што се однесува како за нашата земја, државата Република Македонија, така и за нашите војници кои се таму експонирани.

Јас нема да го дадам мојот глас доколку не добијам одговор како се згрижени нашите војници доколку се случи некоја несреќа.

Второ, јас би сакал да слушнам што е тоа што нам ни дава сигурност дека имаме токму најголем партнер во САД. Аплициравме за Европска унија. Многу членки од Европската унија не учествуваат во оваа акција. Значи НАТО официјално не е во Ирак, Обединетите нации официјално не се во Ирак. Доколку конзистентната стратегија останува таква каква што е, јас се согласувам, меѓутоа, наесен се нови претседателски избори во Америка. Што ако господинот Буш игуби и дојде Кери и веднаш ја прекине војната во Ирак?! Ние ќе бидеме само слепи послушници? Мораме да размислуваме за свој интерес, од свој аспект, градејќи ја својата позиција овде, пред се овде каде што живееме.

Членувањето во НАТО е сигурно една голема победа за Македонија. Меѓутоа, според мене, уште поголема победа е членувањето во Европската унија. Правејќи

едни пријатели, а другите прогласувајќи ги за непријатели, мислам дека правиме голема грешка. Тоа е мојата дискусија, тоа е мојот став.

Сакам да слушнам какво е обезбедувањето на нашите војници и нивните семејства, што смета државата во таа смисла, бидејќи многу сум добро убеден што значи починат, загинат војник, американец во Ирак и какво е неговото осигурување во Америка, а многу не ми е јасно како се осигурани нашите војници доколку им се случи нешто во Ирак и како ќе бидат овде згрижени.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Даневски, а потоа нека се подготви господинот Гзим Острени.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине претседателе, дами и господа пратеници,

Како Либерална партија имавме воздржан став во врска со мировната мисија и одењето на нашите војници во Ирак, што не значи дека ние како партија имаме нешто против САД или како стратешки партнер што ја избра страната за САД сме против. Ни најмалку. Ние не го споделуваме мислењето со тие кои го палеа американското знаме и амбасадате дека се поголеми пријатели, но тоа го ценат американците и нема потреба да искажуваме толку голема приврзаност, а им ја палиме амбасадата. Ова го зборувам од причини што постои поголема поделеност и во големите европски држави, кои изразија големо сомневање за се она што ќе се случува во Ирак. Знаеме дека НАТО не е присутен во Ирак, знаеме дека Обединетите нации не ја поддржаа оваа мировна мисија. Како мала држава треба да го почитуваме  и да се приклучуваме кон она што значи иницијатива на Обединетите нации, затоа што сме сведоци дека Обединетите нации беа присутни во кризните моменти во Република Македонија, имавме сили УНПРЕДЕП и УМПРОФОР. Ако гледаме фигуративно или бројчано со 20 или 40 луѓе учество, ние зборуваме дека стратешки застануваме зад таа стратегија со САД со толку мал број на луѓе ја искажуваме подготвеноста или партнерството што дава обврска.

Некои пратеници овде зборуваа со празна реторика. Поголем стратешки партнер од Шпанија немаат САД. Тие се со години, а да не зборуваме и за други стратешки партнери каде стојат поголеми држави. Тие не отидоа во Ирак или сега ги повлекуваат војниците. Сите се согласуваме и размислуваме со иста референца дека состојбата драматично е изменета, доаѓаат страотни и грозни слики, а она што значи загрозување на човековите права сега се случува. Имаше поделеност во светот и тоа го поддржуваа оние кои беа пацифисти, но сега и обичните граѓани го

делат тоа мислење затоа што ова е војна од интерес. Загрижува тоа што сега се обединуваат тие племиња, кои сега прават не само граѓанска војна, туку како што се гледа од тензиите тоа ќе биде и револуција.

Следна работа што го загрижува не само светот туку и САД е што 90 и повеќе проценти се уништени нафтоводите, а требаше да има позитивни ефекти. Сега и американската администрација и сите напредни луѓе во светот, посебно граѓаните во Америка не само што се загрижени за нивните војници што се присутни таму и кои гинат, никој нема да знае колку ќе бидат погинати, затоа што слушаме контраверзни изјави, се даваат контраверзни извештаи. За вистината да се слушне ќе треба време. Најмногу се лаже за време на војна. Секогаш се контраверзни сите извештаи и пишувања за време на војна. Ќе се случи она што се случуваше за време на војната во Виетнам и после 50-тина години се дозна дека во Виетнам се загинати 75 илјади луѓе. Во прво време се оперираше со бројка од 5 илјади, а после 50 години излезе фрапантна бројка од 75 илјади загинати, уште 5 илјади исчезнати и околу 250 илјади трајно инвалидизирани. Ова го загрижува целиот свет.

Сега која е улогата на Парламентот? Ние сме свесни дека Владата има позитивна енергија спрема САД и стратешки тоа не го спориме. Знаеме дека со консензус сите политички партии се изјасниле во таа насока. Но што ќе се случува со она што министерот рече или се гледа меѓу редови, ако не дадеме поддршка на САД во дадениот момент, што ние ја дадовме, но треба да разграничиме еден момент. Одговорноста ја носиме во Парламентот и ако не е битна нашата одлука во Парламентот, на сите политички партии и пратеници што учествуваат во овој Парламент, тогаш Владата сама ќе одлучеше. Значи ова прашање е кренато на едно поголемо ниво и треба да одлучат народните избраници. Што кажува ова? Тоа зборува дека одговорноста е голема. Да не зборуваме хипотетично што би се случило кога би се случило и тоа прашање би требало да се отвори.

Го делам мислењето со господинот Костовски, затоа што немаме прецизно дефинирано што би се случило, во не дај боже, во најцрна варијанта, со нашите војници. Тоа што некој коментираше тука дека нашите војници се професионалци и мора да заминат, не е ни најмалку така. Во соседните држави, почнувајќи од Бугарија, нивните сили се присутни таму, но самите војници најавуваат дека сакаат да се повлечат. Што значи тоа? Ако условуваме, во дадениот момент ако зборуваме дека сакаме да бидеме партнери на САД, а ја покажавме добрата волја и како мала држава испративме луѓе кои се присутни таму со целиот ризик, сега мислам дека треба да го слушнеме и пулсот на Европа. Ние зборуваме да влеземе во НАТО, а од

НАТО доаѓаат сигнали дека мора да ги завршиме оние реформи кои се дадени. Реформите мора да ги завршиме сами и никој друг не може да ни ги заврши, за да можеме да бидеме членка на НАТО.

Она што се сака тука да се наметне и некој да ни пласира невистина е што ќе се случи во Истанбул. Агендата за Истанбул е направена пред две години. Тоа се тотални невистини и продавање магла ако некој мисли дека агендата ќе ја менуваат, затоа што покажуваме некоја позитивна енергија и кажуваме дека ќе ги прифатиме сите услови кои ни се поставуваат, дека нас посебно ќе не спомнат и ќе не нагласат и ќе речат еве, ви испраќаме позитивен сигнал. Така не работи Европа и развиениот свет. Развиениот свет прави агенда и подготовка. Две години веќе како е направена подготовката за Истанбулскиот самит и тоа ќе оди како што е договорено со една режија.

Ние очекуваме и бараме, она што доаѓаат како позитивни инпулси и информации од многу меѓународни гости, пријатели и непријатели, е добро, но вистината е таа и нема што да се разочаруваме. За месец дена ќе биде и ова чудо во Истанбул и ќе видиме, да не се разочараме.

Сега да се вратиме на она што нас не загрижува: што со нашите војници? Дали во дадениот момент ако процени Парламентот, па и граѓаните - нели ние ги прашуваме граѓаните? Ние носиме една политичка одлука, со тоа што добар дел од нашите граѓани не се согласуваат да одат нашите војници. Ако на почетокот тоа беше мировна мисија и сите го делевме мислењето дека е мировна мисија, во дадениот момент состојбата е драматично сменета. Она што го гледаме, оние грозни слики и злоупотреба на човекови права до најниско ниво, тука не може никој да го правда нашето партнерство со САД. Јас не знам што работат нашите војници. Имаме информации дека се најподготвени, најдобро ја извршуваат работата, имаат добиено пофалби и др. Верувам во тоа, но во дадениот момент треба да го видиме инпулсот на Европа. Ние преферираме кон Европа. Ние сакаме вака: Ако сме ја заземале страната спрема САД, не даваме никаков позитивен ефект спрема Европа. Нашата крајна цел е не да одиме во САД. Нашата крајна цел е, бидејќи Македонија е во Европа, тука припаѓа, да влезе во тоа богато друштво на Европа. Тоа е нашата цел. Сега некои наши колеги сакаат да ни кажат приказна што зборувале во Словенија. Знаете словенците што им рекоа? Тие си го решија проблемот во поглед на вработеноста, економската, социјалната и друга состојба, знаеме во Словенија каков е просекот на платите. Словенија уште не беше влезена во големото друштво на Европа, а таа беше понапред од многу членки на Европската унија. Тие не рекоа

мора нас да не примите во НАТО. НАТО ги молеше словенците да влезат, а тие рекоа ние влегуваме во Европа, дали ќе не примите во НАТО структурите или не, тоа е наше право. Ние сме подготвени и сме чекор пред многу држави кои ги исполниле условите, но сега влегуваме во Европската унија. Затоа, не држат некои коментари на наши пратеници, ако ова не го направиме нема да не спомнат или ако ова го направиме ќе влеземе во НАТО. Во НАТО знаеме дека доминираат САД, од НАТО директно ќе влеземе во Европската унија! Ни најмалку. Ние направивме една пуста желба, направивме апликација. Ја драматизиравме ситуацијата, но тоа е една хартија, ја пуштивме хартијата и кога ќе ни дојдат од таму 2-3 страници ќе се фаќаме за глава што треба да извршиме. Без да го извршиме тоа, нема теоретски можности Европа да разговара за тоа. Етапно мора да се одвиваат сите работи за да можеме да влеземе во Европската унија.

На крајот би било добро Парламентот да размисли дали војниците треба да одат, затоа што ако сојузничките сили размислуваат дека ќе ги повлекуваат војниците и сакаат да ја предадат воената власт во Ирак, да се формира нова власт која ќе биде составена од цивилното население, од граѓаните кои живеат во Ирак, се размислува за повлекување на многу поразвиени држави од нас, се зборува дека ќе се повлечат и русите, јапонците, еве, шпанските војници се повлекоа - ако мислиме дека со тоа ја искажуваме лојалноста или партнерството, со тоа што таму ќе испратиме 40 луѓе, не знам што ќе извршуваат нашите луѓе таму, мислам дека е голема грешка и мое лично убедување е дека луѓето ги носиме на голем ризик, затоа што секојдневно ситуацијата драматично се менува. Гинат илјадници луѓе, гинат цивили и ефектите што требаше да се добијат дека Ирак е застрашувач или фактор кој ќе го дестабилизира светот со производство на хемиско или нуклеарно оружје не се покажаа вистините, дека е спонзор на Ал Каеда и тоа не е вистина. Мислам дека ние како Парламент и сите ние како пратеници носиме одговорност, барем да покажеме некое европско размислување, да не бараме од Европа да биде строга со нас. Ние кажавме и сите го делиме мислењето дека Америка ја чувствуваме како партнер. Тоа не значи дека Хрватска или Словенија не ги чувствува како партнер САД. Сите ги чувствуваат како партнер и знаат што значат САД. Но знаеме дека и таму расположението драматично се менува. Ако постоеше некое расположение од 80 за војната, сега тоа се сведува на 40%. Еве, наесен доаѓаат и таму нови претседателски избори. Ако се случи да победи Кери не се знае каква ќе биде политиката кон тие што поддржувале, така што влегуваме со една голема неизвесност.

Мое лично убедување е дека ние како Либерална партија би се воздржале за испраќање на контингент на наши војници за војната во Ирак.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Даневски.

Како последен дискутант е господинот Гзим Острени.

ГЗИМ ОСТРЕНИ:

Господине претседател, почитувани колеги, господине министер,

Мојата дискусија ќе ја почнам со една констатација дека тоа што во Ирак не се најде или ќе се најде оружје за масовно уништување не е наша одговорност, со оглед на фактот што во времето кога се донесе одлука за оваа операција назначена како “Слобода за Ирак” ние не ги дадовме нашите сугестии. Сите сме возбудени за тоа што се случува во Ирак, но треба да се каже дека во Ирак се уништени надлежните сили кои се столб на битието и функционирањето на законската држава и обезбедувањето на животот на граѓаните. Една ваква состојба сигурно ќе продолжи, но ова е реалност со која сите се соочуваме.

Наша должност е да придонесеме што побрзо да се изготви предавањето на ирачката власт на ирачаните, а со ова уште повеќе ќе се придонесе за сместување на мирот и отстранувањето на војната.

Доколку ние покажеме лабилност во одлуките што претходно ги донесовме, тогаш немаме квалитети на одржлив партнер за решавањето на значајни прашања и опасни прашања. Затоа, нема да бидеме од полза и ќе не отстранат од соработката сите наши партнери, бидејќи партнерството не се создава само за да се добие, туку и за да се даде од секоја  гледна точка која е од интерес на партнерството. Имам желба да нагласам неколку зборови и еден поим. Нашите војници таму не можат да бидат жртви.Тие имаат оружје, имаат потребна опрема и се дел на еден доволен број на војниците и на командантите кои треба да го вратат мирот во Ирак. Затоа, нашата парламентарна група ќе ја поддржи оваа одлука предложена од страна на Владата за да се испратат, или да се заменат во продолжение силите кои ги имаме таму, убеден дека со ова продлжуваме да го изградиме мирот во Ирак.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-динот Замир Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Благодарам, г-дине пртседател,

Нас не ни беше во план денес да дискутираме во врска со овој предлог, бидејќи ова е продолжение на веќе донесените одлуки. Меѓутоа, бидејќи сите парламентарни групи на некој начин го дадоа својот став, јас ја користам приликата да ја потврдам поддршката за испраќање на единиците на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Ирак. Мислам дека на овој начин ние продолжуваме да придонесуваме во оваа општа коалиција во борбата против глобалниот тероризам и ова е елементарен принцип и начело зошто ние учествуваме таму. Мислам дека ова партнерство ќе и помогне на Република Македонија во понатамошно засилување на целите, на стратешките цели за интегрирање во НАТО и инкорпорирање на нашата држава во западните вредности во полна смисла на тоа што значи западна вредност. Не се чувствувам надлежен да ја анализирам ситуацијата во Ирак. Тоа го оставам на експертите кои што се ангажирани за оваа работа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Има збор министерот за одбрана Владо Бучковски.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Дозволете ми на крајот накратко да се обидам да одговорам на дел од поставените прашања. Најпрво би сакал да ја споделам и јас со вас загриженоста и ја разбирам вашата загриженост што постои за безбедноста на нашите војници кои се во Ирак. Секое утро моја прва работна задача е детално да се информирам како стојат работите со нашите војници во Ирак, а за да подобро се запознаам со состојбата на теренот, затоа и во ноември минатата година ги посетив нашите војници за да не биде само декларативно дека некој повеќе, или некој помалку ја споделува грижата за нивната безбедност и сето она што може да се случи. Може да се случи се, и затоа ова е продолжение на дискусијата која ја водевме една година претходно. Јасно е, нашите војници се свесни дека имаат опасна задача. И на почетокот кога рековме користејќи ја формулацијата во Уставот да испратиме војници во Мировна мисија, ние не испративме војници како што подготвуваме за други ситуации каде што евентуално би биле обезбедувачи на некои точки каде што треба да се одржува мирот, туку беа свесни и нашите планери и нашите експерти дека ќе биде тешка мисија. И затоа таму ги испративме најспособните, најелитните единици на Армијата на Република Македонија. Таму испративме професионалци од единицата за специјални намени од волците кои доброволно се

јавија и за последнава мисија и за претходните две. Значи, ако праќаме по 35, секој пат имаме трипати повеќе пријавено војници што ни ја олеснува задачата. Од друга страна максимално водиме грижа за сите примања и за сите други прашања што би можеле да им посметаат да не ја извршат крајно  професионално задачата. И, прифаќам една од критиките, значи за првата мисија, бидејќи втората сеуште не се врати, го должиме извештајот кој ќе треба да го прочешламе, може во онаа форма во која што е да го погледнеме во матичната комисија и потоа да имаме еден селективен извештај, бидејќи според проценката тоа го сметам како моја должност, проценката на армискиот дел од Министерството за одбрана има некои детали кои би ја загрозиле евентуално нивната безбедност, ако излезат во јавноста. Затоа ќе се обидеме, имаме две варијанти. За тоа говореше пратеничката Каролина Ристова, да одиме со варијанта или да биде затворена седницата, или да направиме еден извештај кој ќе одговори на дел од прашањата за кои сега јас во духот на транспарентноста јавно ќе одговорам, колку не чини, какво е осигурувањето, какво е обезбедувањето на надоместоци за нивните семејства. Значи, Република Македонија бидејќи финансиските импликации ги гледа Владата пред да излезе со предлог, би сакал да ви соопштам дека на годишно ниво Република Македонија ја чинат околу милион евра, испраќањето на нашите војници во Ирак. Целокупната сума е два милиони евра, 1 милион евра преку програмата ФМФ која ја имаме со Американците, ја обезбедуваат САД и логистичката поддршка , сместувањето, исхраната која е три пати повеќе од овие трошоци што ги имаме оди на сметка на нашите американски партнери. Тоа е договорено. Само за споредба, и нашите мисии претходно кои беа во Авганистан, во ИСАФ-мисијата и со холанѓаните и со германците и со турците одеа на сличен пристап бидејќи транспортот и логистиката се секогаш неколку кратко повисок трошок во споредба со надоместоците и платите кои ги обезбедува Република Македонија. И не е тајна бидејќи јавно говориме. Во просек се околу 2 илјади долари примањата на нашите професионални војници во Ирак, меѓу 2300 и 2500 долари земаат старешините, офицерите на Армијата на Република Македонија. Ако ги споредуваме со Американците и Британците, тоа не може да се спореди, во споредба со новите членки на НАТО, со нашето опкружување нешто се повисоки примањата на македонските војници. Инаку, сите оние кои се професионални војници, кои се старешини во Армијата на Република Македонија а живеат во брачна заедница им се исплатува и надомест за одвоеност од фамилијата во висина од 40% од просечниот личен доход во Република Македонија. Друга работа околу осигурувањето, сите се дополнително осигурани од

несреќни случаи, повреди и смрт според максимално дозволените можности во Република Македонија за осигурување, значи за смртните последици во просек некаде околу 400 илјади денари, за траен инвалидитет помеѓу 700 и 800 илјади денари. Бидејќи говориме и береме гајле и тоа така треба да биде и за најлошото, значи, ова е она што во овој момент го имаме, а секогаш постојат дополнителни можности во рамките на ингерениците кои ги има и Министерството за одбрана и Владата за недајбоже да се излезе со дополнителен пакет за обезбедување на оние кои би биле трајни инвалиди, или евентуално за згрижување на нивните семејства за обезбедување на сите оние потреби кои во изминатиот период покажа Република Македонија дека не ги заборава припадниците на Армиските сили.

Околу другите дилеми кои се поставија, ќе се обидам накратко да одговорам. Колку ќе трае мисијата? извесно е дека оваа мисија може да биде последна, но дефинитивно во овој момент никој не може да процени како ќе оди трансферот на власта и колку брзо ќе се одвива повлекувањето на сојузничките сили кои во овој момент ги има некаде околу 180 илјади, од тоа 135 илјади се американски сили. Евидентно е дека нашите 35 војници во процентуалното повлекување ако дојде до такво повлекување кое се навестува дека со трансферот на власта и дефинитивно со одржувањето на изборите до крајот на јануари 2005 година, тоа е веќе навестено дека ќе дојде до повлекување на силите. Но, не значи дека ние нема да ги зголемиме силите, иако можеби тоталната бројка од 180 илјади ќе се намалува, затоа што некој веќе говореше и за Истанбулскиот самит и за Агендата, една од точките за кои ќе се разговара е евентуалното преземање на мисијата од страна на НАТО, што станува се поизвесно. Истиот модел беше применет во Авганистан. Штом НАТО се прекрши и прв пат премина на друг континент, прв пат ја презема Мисијата која на почетокот не беше водена од НАТО. Сега со почетокот на 2004 година ја презема да ја води Мисијата во Авганистан. Не е искучено, една од варијантите јас споменав за Нацрт-декларацијата, Нацрт Резолуцијата која циркулира во Советот за безбедност говори за таква можност. И, ако некому му е полесно таа не е само сега подржана во овој момент како варијанта од американците и британците, туку и другите полноправни членки на Советот за безбедност што е битно, се бара политички компромис помеѓу големите сили. И Република Македонија, во тој правец говореше пратеникот Петковски најдецидно. Не може да ги промени тековите во светот, туку може да изгради своја автентична политика која конечно ќе бара стратешко партнерство. Оваа Влада, ова парламентарно мнозинство тоа го прави доследно во изминатите 18 месеци. Какви

ќе бидат користите од таа политика, мислам дека може да се насети. И, бидејќи некој говореше почитуваниот пратеник Љубисав Иванов - Ѕинго говореше за политичките и економските предизвици пред да ја донесеме одлуката и што сега имаме на нашето конто. На политичката страна мора да признаете дека имаме многу, ословувањето на Република Македонија со “Македонија” што е еден чекор од решавањето на горливиот проблем и разликите со името што ги имаме со Република Грција го правиме преку САД. Бидејќи веројатно и оние кои пледираа да ги решаваме проблемите, веројатно ви е јасно дека заради принципот на солидарност не може да бараме од ЕУ да го решава проблемот со нас, бидејќи уставното име на Република Македонија го признаваат две од постојаните членки на Советот за безбедност: Руската Федерација и Народна Република Кина. Третиот одлучувачки фактор треба да бидат САД кои не се врзани со принципот на солидарност кои го имаат членките на ЕУ. И тој чекор мислам дека е направен и е бетониран со неколку документи. Првиот беше Јадранската повелба и сето тоа ни олеснува. Јас на последната конференција што беше во Солун лесно ми е да го употребувам името Македонија, ја цитирам Јадранската повелба и во цитатот таму пишува кои ја потпишале. Македонија ја потпишала, Хрватска и Албанија и САД. Така што можеби навидум не изгледа дека работите одат во посакуваниот правец, но се движат бидете уверени во оној правец кој сите го посакуваме. Затоа што на сите ни е јасно, за да станеме членки и на НАТО и на ЕУ, ние треба да ги дефинираме двата битни белега на секоја држава, а тоа е територијата и името. Имаме проблеми со името, имаме проблеми со територијата, а реално на надворешен план во изминатите 18 месеци не е тајна, направивме чудо, го зацврстивме и го вративме угледот на Република Македонија и сите ни го признаваат. Мене затоа ми пречи кога во Парламентот овде ние самите не сакаме да си признаеме нешто што се гледа од авион, а тоа е видливо, Република Македонија е респектибилен фактор и еден од најсилните сојузници не на САД, туку и на НАТО и на ЕУ во овој наш регион во кој живееме. И тоа треба да го искористиме во периодот што претстои.

Демаркацијата исто така може многу полесно да ја решиме и првите позитивни исчекори и од Косовска страна и од Српска страна се заради помошта што ја дадоа американците со експертизата и снимањето кое е направено на административната граница која покажа дека 99% и таа верификација експертска, неутрална дека не е спорна веќе и за Косовската страна. Се поставува еден практичен проблем што со мала помош на меѓународната заедница можеме да го

решиме на обострано задоволство. Така што останува во целиот овој пакет на корист што требаше да извлече Република Македонија да го докрајчиме со политичките поени кои очекуваме дека и во иднина ќе ги добиваме. Имаше средба да речеме високиот претставник на Пентагонот, на Министерството за одбрана и со матичната комисија за одбрана и безбедност сега во понеделникот,имавме заедничка прес конференција, веројатно ги слушнавте честитките кои ги добива Република Македонија најмногу на полето на одбраната заради храброста на македонските војници. Мали се на број, симболично е, но толку може Република Македонија, имајќи во предвид колку имаме војска, тоа е процентот што можеме да го извлечеме. Иако ние најавуваме, ако ја преземе НАТО мисијата, ќе размислуваме и да го зголемиме учеството, зошто да не? Затоа што сега го зголемуваме во Авганистан, имавме едно одделение, ќе одиме со еден вод. Договараме со Албанците и Хрватите да одиме со заеднички медицински вод. Нормално ќе станува почитувани пратеници, се почесто и во Парламентот да разговараме за вакви теми. Затоа што вчера ја загатнавме темата во кој правец ќе се трансформира и развива Армијата на Република Македонија. Се повеќе ќе моа како дел од глобализацијата, како дел од интегративниот процес кој го посакуваме колку поблиску ќе бидеме во НАТО, а уште повеќе кога ќе станеме членка на НАТО, се поголем број на македонски војници ќе имаме надвор. И за тоа треба да размислуваме, затоа јас и вчера говорев дека многу битна ќе биде улогата на Парламентот, па размислуваме и за измени на регулативата. Ние досега имаме принцип каде што по доброволна основа можеме да ги испраќаме нашите војници. Тоа се покажа да речеме на бугарскиот пример, најдобриот модел, бугарите започнаа врз основа на проблемите кои ги имаа, затоа што немаа доволно професионални војници да ги испратат, беше грото на резервисти, а тоа се одрази и на бројот на повредените и на жртвите, да размислуваат за промена на регулативата и сега веќе ќе биде задолжително. Тоа веројатно ќе биде судбината и на сите припадници на Македонската Армија, независно каде е мисијата, дали е во Македонија, дали е надвор, тоа да биде нивна обврска да го прифатат тој предизвик. Така што досега , барем во тој поглед, Армијата на Република Македонија немаше од овој облик слични проблеми, што не храбри дека имаме подготвени војници кои се свесни за ризиците. Во тоа не треба да се сомневате.

Неколку работи околу транспарентниот однос. Се сложувам, значи ќе работиме во иднина, затоа што се почести ќе бидат ваквите седници, извештаите да бидат многу побрзо во Парламентот и да разговараме за проблемите. Не можеме да

ги криеме проблемите. Во меѓувреме се обидуваше и Владата решаваше дел од проблемите. Не оди се мазно, бидејќи овие се наши нови искуства, не одеше се мазно и околу начинот на кој ги исплаќавме надоместоците. Правиме комбинации од повеќе позитивни прописи за да можеме максимално да извлечеме плати кои ќе бидат достојни и кои ќе одговараат на ризиците кои ги преземаат нашите војници. И стигнавме, морам да ви кажам со судни маки до овие  приближно две илјади долари за кои говориме дека во овој момент се примањата просечно на еден војник на Армијата на Република Македонија во мировните мисии.

И на крајот не сакам да говорам во духот дали со се она што правевме создаваме пријатели, или непријатели, но веројатно на Парламентот му е јасно дека паралелно ќе ги тераме двата процеси и приближувањето кон НАТО и приближувањето кон ЕУ. Но, на сите  им е веројатно јасно дека многу пореални се шансите многу побрзо ќе стигнеме до НАТО, отколку до ЕУ. Во моментот кога ќе стигнеме во НАТО, значи дека сме изоделе повеќе од половина од патот што не води и до ЕУ. Бидејќи верувам дека и попладнево тоа ќе го чуеме и од генералниот секретар на НАТО, НАТО се повеќе е политички сојуз, а не само воен сојуз. И нема да бидат доволни само успешните одбранбени, или воени реформи кои сме ги направиле. Се повеќе ќе биде притисокот кон другите реформи во сверата на правосудниот систем, на економијата, на владеењето на правото, вредности кои ќе не приближуваат од ден на ден и до ЕУ. Затоа важна е дилемата дали со ова што го правиме се оддалечуваме од ЕУ, или се приближуваме кон САД, а НАТО не е заинтересиран. Големата политика се обидоа некои од пратениците добро да го објаснат, не може ние овде да ја прекроиме. Но, јасно е дека е исклучително силно влијанието на САД за да бидеме членки на НАТО, добро е да сме нивни стратешки партнери кога на најголемиот партнер од моќните им треба помош. Помошт беше побарана од нас. Како тоа ќе биде верификувано, времето ќе покаже, но тоа се толку сериозни држави со долгорочни политики што не треба да се плашиме од промената на власта кај едните и кај другите. За жал, тоа искуство ќе треба и Македонија да го научи да не зависи изборот на стратешките партнерства од промената на владеачките гарнитури.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-динот Љубисав Иванов - Ѕинго.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ-ЅИНГО:

Јас му благодарам на министерот за овие исцрпни објаснувања, меѓутоа, изненаден сум од висината на средствата предвидени во случај на трајна

инвалидност или смрт. Затоа, ќе треба Министерството за одбрана да подготви еден закон тука кој ние ќе го усвоиме во Собранието за едно сериозно обесштетување и осигурување на семејствата на таквите наши војници кои ќе патуваат во разни мисии. Исто така, би предложил да покрене Република Македонија и во НАТО и во Обединетите Нации да се формира фонд во тој правец од кој ќе се обезбедуваат средства за осигурување на овие операции, нарочно кај земјите кои што стојат исклучително финансиски лошто и се наоѓаат во тешка состојба. Мислам дека ова треба да биде приоритетно прашање, бидејќи ова што го спомна министерот се симболични цифри. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Даневски, имате три минути.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Суштествено во овој момент е да одговориме на прашањето дали во моментот ова е мировна мисија или е воена. Мислам дека би било добро да го слушнеме одговорот, затоа што преовладува мислењето дека ова не е веќе мировна мисија, туку е воена мисија. Тоа значи радикално ја менува ситуацијата не само за нас, туку во целиот свет. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Мавровски имате три минути.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Почитуван претседателе,

Министерот одржа повеќе политички говор, многу малку за она што сакавме да го слушнеме и го слушнавме , но сепак би се задржал многу кратко на неколку работи кои што ги спомна во својот говор. Кажа дека една држава како што е нашата без име, а тој користи лукавство да го спомне името во Солун, без територија недефинирана граница и пред неколку месеци тука пред нас пратениците на едно пратеничко прашање одговараше дека со голема помош на градоначалниците или селсконачалниците нашите единици на Армијата на Република Македонија стигнуваат до самите караули кои што требаше да значо граница на Република Македонија , но од друга страна слушавме една голема реченица дека ние сме еден респектибилен фактор, еден од најважните на НАТО. Сега, дали овие три работи соодвествуваат со ова последното јас не се сложувам, апсолутно не се сложувам дека сме респектабилен фактор и дека сме некој кој што треба да значин многу на овие простори. Видовме колку значевме и колку и понатаму значиме, но во секој случај тоа е мислење на министерот. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Костовски имате две минути.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Благодарам г-дине претседателе,

Прво, морам да се заблагодарам навистина за исцрпниот одговор на министерот Бучковски, за разлика од неговиот вчерашен игнорантен однос на моето прашање. Морам да забележам дека обесштетувањето на семејствата и на војниците се ниски и споредено со инвалидитет на војник со денеска читани 800 илјади денари, тоа е некаде 12 или 13 илјади евра, тоа е многу ниско и молам Владата да направи напор, тие наши професионалци да ги обезбеди со повисоки квоти. Тоа е нешто минимум што мораме ние самите да го направиме.

Трета работа, нашето учество секако дека има импликации во сите проблеми кои што се спомнати тука. Нашата северна граница, импликации со името, меѓутоа, г-до, да престанеме да се однесуваме како мали деца, што ќе успееме да го протнеме некаде нашето уставно име. Ние официјално војната треба да ја водиме во ООН каде сме ние официјално запишани како ФИРОМ и да не бегаме од таа работа. Се додека војната ние не ја однесеме како победници таму на тоа место, да не дневно манипулираме и со политички потези да даваме дневна политика во добивање на некои плусови, доколку не спомнале под уставно име. Ние знаеме што сме, знаеме кому припаѓаме, меѓутоа, знаеме дека сеуште тоа прашање е отворено. Не случајно, а тоа беше спомнато на последната средба меѓу Караманли и Буш во Вашингтон по повод името на Република Македонија и дека тоа прашање треба под итно да се реши. Тоа само сакам да апелирам. Г-до, тие работи за употребата на името, треба да бидеме растоварени, бидејќи тоа мораме да го решиме на сосема законит начин. Единствено место за тоа се ООН . Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Г-дине Рамадани јас вакви игри нема да дозволам.

Г-дине Рамадани вие седите овде, а сега се пријавувате, јас знам дека сте коректен пратеник, а ова мислам дека беше некоректно.

Повелете г-дине Рамадани имате збор.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседател, јас ќе бидам коректен и сега ќе бидам многу краток во мојот говор. Сакам да се произнесам и во името на политичката партија која овде ја претставува дека оваа воена мисија и мировна треба да ја поддржиме и да ја

продолжиме, без оглед на сите резерви кои постојат и кај моите колеги. Јас донекаде и ги оправдувам, поради сето она што се случува во Ирак каде што е извонредно сложена состојба, извонредно опасна состојба и за нашата мисија или за нашата единица која ќе учествува во оваа мисија . Но, јас ќе кажам народно, да не се срамиме за малку и така ќе се преобрази власта во Ирак во рацете на ирачаните и се надевам и покрај тоа сум оптимист во однос на ова дека таму работите ќе одат кон добра насока . Добри се сигналите кои што ќе се случат и во Советот за безбедност, во ООН и во НАТО. Затоа, со една поширока солидарност и на овие институции многу релевантни и од политички и од воен аспект, се надевам и треба да верувам во господ  дека овие ќе имаат среќа ќе отидат и ќе ни се врата здрави и живи. И оваа единица исто така, дефинитивно ќе изградиме уште еднаш подобри позиции и посилни кон нашата ориентација за НАТО и ЕУ и за тоа што значи за една пореспектабилна Македонија. Ви благодарам и уште еднаш се извинувам ако задоцнив со моето јавување.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има  министерот за одбрана и јас се надевам дека ќе биде краток.

Повелете.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Ќе се обидам, затоа што директно бев повикан од пратеникот Даневски дали е ова мировна мисија. Да, мировна е мисијата, затоа што согласно Уставот, согласно законите ние не објавивме војна на Ирак и не сме таму окупациски сили, иако терминологијата која се користи дали се коалициони сили, дали се сојузнички сили, може да предизвикало кај пратеникот определена забуна. Значи, мировните мисии можат да бидат или пискипинг мисии да се чува мирот и да бидат пис и форсмен мисии да се спроведува или да се бори за мирот. Ние на дел од територијата каде што се војниците на Република Македонија за среќа имаме комбинација и на чување на мирот и одвреме навреме се бориме или го спроведуваме мирот со сила. Но, сите во мировните мисии, па и на примерот на Македонија, бидејќи ние имавме воено присуство во изминатите 10 години, бевте сведоци дека, иако беа класични мировни мисии, дел од нашите сојузници сега кои ни се сојузници во анти-терористичката коалиција платија со жртви, платија со животите на своите војници за стабилизација на состојбата во Република Македонија . Да ги спомененеме само полските војници или британскиот војник, така што во сите мисии независно како ќе употребиме, кој термин ќе го употребиме треба да се биде свесен за ризикот. Неподелено е мислењето во дискусијата, со тоа се сложувам дека постои ризик во

оваа мисија. Затоа, Собранието имаше сосема право на овој начин детално да разговараме за сите детали.

Кусо сакам да му одговорам на г-динот Костовски, јас се подготвувам во продолжување на седницата да одговорам аргументирано и на неговиот говор што вчера го имаше за Законот за управување со кризи. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута г-дине Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Г-дине министре,

Мислам дека ние тука се надмудруваме. Ако беше мировна мисија ООН ќе ја одобреа и ќе кажеа дека е мировна мисија. Кога ООН не објавија, тоа е наше толкување, ние ја толкуваме така како што цениме. Вие викате дека мировна, тогаш е во ред. Моето прашање беше во дадениот момент веќе не е мировна . Таму се гине на сите страни. Гинат и војници, гинат и цивили и тоа е сега прашање на целото човештво. А, дали се гледа од авион, од авион неможеме да видиме, затоа што има облаци. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и ги молам пратениците кои што се надвор од салата да влезат.

Почитувани пратеници, предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 67 пратеници, 64 пратеници гласале за, двајца воздржани и еден пратеник гласал против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција во Ирак.

Бидејќи, дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 66-та седница на Собранието на Република Македонија.

Известувам дека во 16,15 часот е свеченото обраќање на Генералниот секретар на НАТО.

Ние да бидеме присутни тука во 16,00 часот.

(седницата заврши со работа во 12,15 часот).